Лидија Стојановиќ
Ss. Cyril and Methodius University
lidijast@ukim.edu.mk
ORCID: 0000-0002-4357-9513

POZNAŃSKIE STUDIA SLAWISTYCZNE
NR 22 (2022)
**DOI: 10.14746/pss.2022.22.16**

Data przesłania tekstu do redakcji: 16.12.2021
Data przyjęcia tekstu do druku: 14.03.2022

# Суштина на хармонијата*

**Abstract**: Stojanović Lidija, *Suština na harmonijata* (Essence of Harmony). "Poznańskie Studia Slawistyczne" 22. Poznań 2022. Wydawnictwo "Poznańskie Studia Polonistyczne," Adam Mickiewicz University, Poznań, pp. 309–326. ISSN 2084-3011.

The paper aims to explore the harmonious relations between man and nature, in terms of ecopsychology, representing a solution for pointless/deviant discussions in the field of post- and transhumanism, especially in the abnormal period of the pandemic. According to the author, the establishment of harmony is primarily contained in the "moderation" of the senses and the ratio through intuitive knowledge. The establishment of several patterns of harmony will be considered through *Honeyland* (2019), the poetry of Koneski, and the eco analysis of Miljovska. The paper will examine the intuitive human ability to establish this harmony, seen as a process of creating cosmic balance. The analyzed works manifest the harmonious relationship: human—biotope, principles of "eco-cosmos" of the local man.

**Keywords**: eco/ethno culture; intuition; *Honeyland* (directed by Tamara Kotevska and Ljubomir Stefanov); Blaže Koneski; Tatjana Miljovska

* Ова истражување претставува дел од работата на научноистражувачкиот проект „Меморија и екокосмос“ кој се реализира во рамките на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, а е финансиран од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија со одлука за финансирање на научноистражувачки проекти бр. 15-15533/2 од 03.11. 2021 година.

## 1. Увод

Ова истражување има за цел да ги покаже интристичките вредности на Човекот во создавањето хармонија, пред сè, со самиот себеси како главен предуслов за пренесување на таа хармонија врз својата природна околина. Еколошката свест е возможна ако го насочиме погледот кон искреноста на нашата хуманост, во која интуицијата и креативната емоција се испреплетени, носејќи ја најдобрата врска помеѓу човекот и природата.

Во трудот ќе бидат разгледани три специфични примери од македонската култура, коишто на свој автентичен начин ја градат врската со природната околина, со помош на интуицијата и креативната емоција. Станува збор за енергиите во *Медена земја* и творештвото на Конески и Миљовска, кои ја доживуваат возвишеноста на нетипичен македонски начин, каде што традиционално се достигнува преку естетиката на болката, меланхолијата, грчот… Како истражувач на македонската народна култура, многу често сум имала теренски истражувања на уметници кои ја носат во себе како уметничка предиспозиција трагичноста, меланхолијата и чувството „на стравот заснованата сигурност“. Сега ќе одам чекор понапред и ќе ги претставам случаите кои го рефлектираат внатрешниот ред и хармоничната врска со природната околина, претставувајќи македонски обрасци за екосвест. Не случајно оваа нивна способност ја поврзувам со расказот на Толстој и легендата — ATU 934H.

Индиската легенда, којашто е во согласност со животната филозофија на Толстој, тој ја изложува на јазикот на таа филозофија: потребата за работа; незнаењето на датата на нивната смрт; болестите им се испраќаат на луѓето како казна за нивната неспособност да живеат во среќа и љубов. Мотивот на поимот смрт и потребата за работа е познат во народните приказни на многу народи, а развиен е во етиолошките легенди кои говорат за причините зошто Бог ги лишил луѓето од знаењето на времето на нивната смрт (ATU 934H), но акцентот во истите е ставен на друга страна: главната цел на божествената казна не е освестувањето за „среќниот, хармонизиран и радосен живот“ на луѓето на земјата, туку континуитетот на човечкиот живот, кој продолжува по смртта на секој

поединец преку животот на неговите потомци (cf. Толстая, 2013, 254). Македонската народна култура изобилува со овој наратив (ATU 934)[1], во типично христијанизиран манир: препуштеност на судбината и страдање... Сметам дека култот кон страдањето може да се надмине со интуитивната екосвест која промовира креативност и радост на живеење.

Најновиот контекст во кој се наоѓаме беше причина да го наведам во целост расказот на Л.Н. Толстој (1903) *Труд, смрт и болест*[2].

> Станува збор за тоа дека најпрвин Бог ги создал луѓето така што не требало да работат, не им требало живеалиште, ниту облека, ниту храна, и сите живееле до сто години не познавајќи никакви болести. Но, луѓето наместо да уживаат во животот, се расправале меѓу себе и организирале живот во кој не само што не се радувале, туку и го проколнувале. Тогаш Бог им оневожможил да живеат без труд, туку за да не страдаат од студ и глад, тие морале да градат свои домови, да копаат земја, да одгледуваат и да собираат плодови и зрна. Трудот ги обедини, си помислил Бог. Но, луѓето живееле полошо од порано. Работеле заедно – невозможно било поинаку, но не успевајќи заедно да се сложат, се распаднале во мали групи и секоја група се обидувала да ѝ ја одземе работата на другата; сите се мешале едни со други, трошеле време и енергија во борбата и сите биле болни. Тогаш Бог решил да се погрижи луѓето да не го знааат часот на нивната смрт и да можат да умрат секој миг. И тој им го кажал тоа. Знаејќи дека секој од нив може да умре секој час, Бог помислил дека нема да се грижат за животот што може да згасне секоја минута, нема да се лутат едни на други и дека нема да ги расипуваат оние часови од животот што биле наменети за нив. Но тоа не било така. Оние посилните, користејќи го фактот дека луѓето можат да умрат во секој час, ги покорувале послабите, некои ги убивале, а на други им се заканувале со смрт. И така, животот на луѓето станал уште посиромашен. Гледајќи го сето тоа, Бог, за да ги среди нештата,

1 Постојат многу примери на оваа приказна во македонскиот фолклор (доволно v.: Раденковић, 2011, 511–534).

2 Лев Николаевич Толстой. *Труд, смерть и болезнь*. https://www.litmir.me/br/?b=71361&p=1#section_2 (15.12.2021).

решил да го искористи последниот лек: тој им ги испратил на луѓето сите видови болести. Но, бидејќи тие станале подложни на болести, Бог повторно увидел дека животот им станал уште потежок. Тогаш Бог си рекол: Ако и ова не може да ги вразуми луѓето до тој степен да разберат која е вредноста на нивната среќа, тогаш нека останат да одат по своите маки. И Бог ги оставил луѓето сами. Препуштени сами на себе, луѓето живееле долго, не сфаќајќи дека можат и треба да бидат среќни. И дури многу подоцна, некои од нив почнале да сфаќаат дека, со оглед на часот на закануваческата смрт, единствената разумна работа за секој човек е среќно да ги поминува годините, месеците, часовите или минутите наменети за сите во взаемна хармонија и љубов (Толстая, 2013, 253–254).

## 2. Културна екологија — екосвест

Испитување на клучното прашање на денешницата фокусирано на осмислувањето на животот на човекот во хармонична релација со својата околина, го претставува основниот предизвик на ова истражување. Екологијата на свој начин припаѓа кон моделот каде што се укинуваат традиционалните хуманистчки парадигми.

Постојат научници постхуманисти, кои во својот пристап ги заменуваат старите антропоцентрични концепти со полиберални, согледувајќи ја новата димензија на човекот — да се биде хуман. Оттука произлегоа новите релации: човек — околина, екосвест и емпатија. Фуко го испитуваше постхуманизмот во контекст на разликување на хуманизмот од просветителската мисла. Според него, двете беа во состојба на напнатост: додека хуманизмот настојуваше да ги воспостави нормите, дотогаш просветителската мисла се обидуваше да го надмине сето материјално, вклучувајќи ги и границите кои ги беше изградила хуманистичката мисла. Ослонувајќи се на предизвиците на просветителството во границите на хуманизмот, постхуманизмот ги отфрла различните претпоставки на човечките догми (антрополошки, политички, научни), обидувајќи се да ја измени природата на мислењето околу тоа што значи да се

биде човек. Тоа бара не само децентрирање на човекот во повеќе дискурси (еволуциски, еколошки, технолошки), туку и испитување на тие дискурси со цел — откривање на инхерентни хуманистички, антропоцентрични, нормативни поими на хуманоста и концептот на човечното. Постојат доста разединувања на двата концепта, кои би можела да ги сведам на дистинцијата: антропоцентрично и антропогено. Раната дебата за интристичната вредност генерално би имала корист од направената разлика помеѓу антропогеното, од една страна, и антропоцентричното, од другата страна. Според рецентните еколошки дискусии во областа на антропологијата е прифатлив следниот став: „Целото наше размислување, вклучувајќи го и нашето размислување за вредноста, секако е антропогено, во смисла дека «човечката неврологија» припраѓа во доменот на специфичностите на човековата перцепција и сознание. Но, тоа не е од таа причина нужно антропоцентрично, во смисла на служење исклучиво за човечки интереси“ (Mathews, 2014, 543–591).

Да се потсетиме на сфаќањето на културната екологија која како подобласат на етнологијата „се занимава со интеракциите меѓу луѓето и нивната жива и нежива средина, како и со проценките, значењата и мотивите за дејствување кои се поврзани со нив, но специфични за културата“ (Casimir, 2006, 342). Сосем природно и универзално е сфаќањето дека „секое живо суштество се соочува со проблемот на прилагодување на дадените околности во неговото живеалиште (хабитат)“ (Casimir, 2006, 342).

Во ова истражување јас би се насочила кон согледување на хармоничната интеракција: човек — природа, сфатена како човекова универзална способност за воспоставување на оваа космичка рамнотежа, која постои во разните историски периоди. Мене лично, повеќе ме интересира внатрешната, интристичка вредност на овие три македонски „ојкотипови“, кои многу повеќе наклонуваат кон Толстоевата димензија на среќата, одошто типичниот за нашите простори образец на ATU 934H. Постигнување на човековата среќа не е воопшто тешко, но е речиси неостварливо за македонскиот колективен хабитус, бидејќи постои внатрешна инхибиција. Надминувањето на традициоанлната парадигма се појавува во: *Медена земја* (предмодерен образец), Конески (модерен образец) и Миљовска

(истражувач, еко-активист). Тие ја имаат во себе предиспозицијата за создавање хармоничен однос со природата, благодарение на интуицијата и креативната емоција.

Бергсон зборуваше за „креативната емоција“ која „произлегува од траењето“, како сила која не само што ја „поттикнува интелигенцијата на дејствување, а волјата на истрајност“, туку и на силата која ја „раѓа мислата“.

> Тој укажа на квалитативната разлика помеѓу двете врсти на емоции во подрачјето на афективните состојби. Едната, која ја нарече „подинтелектуална“, која е „последица на дејствувањето на некоја идеја или некоја предочена слика“, емоција со која се бават психолозите и на која се „мисли кога чувствителноста се спротивставува на интелигенцијата“, и другата, која ја нарекува „надинтелектуална“ и која им претходи на интелектуалните состојби кои од неа ќе произлезат (Tićac, 2019, 330–331).

Одговорот на воспоставената хармонија кај сите три анализирани случаи е содржан во бергсоновата идеја за креативната емоција: “за творештво ни е потребен интелектуален напор, но пред сѐ креативна емоција, која според него значи љубопитност, желба и однапред доживеана радост, која ја прати соочување на одреден проблем и можност за негово решавање“ (Tićac, 2019, 330–331). Но за тоа е неопходно чистото траење, согледано како процес во кој постапно и незабележливо преминуваме од една во друга состојба (континуитет кој е навистина проживеан). Во случајот со македонските ојкотипови на екосвест ги откриваме следните квалитети: уметноста се состои во разликувањето на погледите на вообичаеното/прагматично спознавање и правото спознавање. „Траењето во кое се гледаме себеси делотворни и во кое е корисно да се видиме самите себеси, е траење чии елементи се дислоцирани и спротивставени. Траењето во кое делуваме е траење во кое нашите состојби се стопуваат една во друга“ (Tićac, 2019, 330). Станува збор за состојба на доживување на човековата слобода. „За Бергсон самата интуиција претставува чин на слобода, бидејќи да се мисли интуитивно значи да се мисли во траење“ (Tićac, 2019, 330).

## 3. Три модела на хармонија

Македонските ојкотипови на хармонија, претставени во овој труд, како што ќе видиме, на еден интуитивен начин се совпаѓаат со новата духовност, чиј еден аспект е токму екологијата. Атеистичкото свето, кое ги надминува догматски воспоставените димензии на светото и световноста се појавуваат во *Медена земја*, во поезијата на Конески и во истражувањата на Татјана Миљовска. Примерот на предмодерниот, модерен и постмодерен ум, само ја засилуваат концепцијата на интиуитивното знаење, означувајќи ја човековата способност да ги екстериоризира внатрешната смисла за ред, добрина, емпатичност и хармонија — основните својства на длабоката екологија, т.е. екосвест.

### 3.1. Меден Тој укажа на а земја[3]

Во филмот е претставен животот на Атиџе Муратова, последната пчеларка од селото Бекирлија која одгледува диви пчели, и промените кои ги доживува по доселувањето на едно номадско семејство во соседната куќа. Филмот е од повеќе аспекти еколошки: климатски промени, промени во биодиверзитетот и експлоатација на природни ресурси. Главните два лика пропагираат две идеологии: балансот на човекот со екосистемот и потрошувачката на природни ресурси.

Воспоставената емпатија помеѓу Атиџе и дивите пчели е нарушена од страна на себичен, антропоцентричен фактор. Потребно е долго време, упорност за повторно воспоставување на нарушената хармонија и спасување на пчелите од потпоно исчезнување.

Ќе го наведеме симболичкото значење на пчелата во народната култура: пчелата е инсект кој исклучително се почитува. Кон пчелите одсекогаш се однесувале како кон божествено битие, нарекувајќи ја божја мудрост и придавајќи ѝ светост. Се сметало дека пчелата ги

3 Постојат многу примери на оваа приказна во македонскиот фолклор (доволно v. Раденковић, 2011, 511–534).

каснува само грешниците. Громот никогаш не удира во пчеларник. По своето потекло, пчелите се врзани за бога, за разлика од бумбарите, стршлените и осите, за кои се смета дека се создадени од ѓаволот, натпреварувајќи се со бога (Гура, 2001, 458). Во контекст на оваа тема, многу е значаен следниот податок кој кореспондира со сижето на *Ме-*





Слика 1. Два кадри од филмот *Медена земја* на Тамара Котевска и Љубомир Стефанов. https://youtu.be/xtJs_UZSVOE (15.12.2021)

*дена земја*: според народните представи, пчелите опстојуваат единствено кај добрите луѓе (Атиџе), додека лошите, пакосни луѓе не ги сакаат. Имаат способност да ги обединуваат луѓето, да ги направат духовно сродни. Заедничките пчели на две домаќинства прават тие да се почитуваат како браќа и секогаш взаемно да си помагаат (Гура, 2001, 458), што во *Медена земја* е нарушено во моментот кога домаќинот на второто, доселено семејство, го презема агресивно приматот над пчелите, по што тие почнуваат да изумираат. Тој не им остава мед на пчелите да се прехранат, не разбирајќи ги постулатите на одржлив развој на Атиџе „пола за мене, пола за вас"! Одново воспоставената хармонија успеваат да ја воспостават Атиџе и едниот син од второто домаќинство. Станува збор за два лика — обрасци на новото поимање на хуманоста. Двата лика ги поседуваат особините одлиите на емпатичност, скромност, несебичност, сталоженост, хармоничност. Комуникацијата која Атиџе ја воспоставува со дивите пчели се доближува до немуштиот јазик, нејзиното обраќање до нив преку пеење повторно се вклопува во проучувањето на екосистемите, во смисла на изучување на различните аспекти на звучноста вклучувајќи го токму системот на комуникација (јазикот на поедините животни, т.е. пчели); единствено таа има способност преку „немуштиот, тивкиот јазик" да комуницира со нив, отварајќи ѝ го патот кон мудроста и просперитетот.

Во филмот извонредно кореспондираат трите најважни нерасипани матрици кои ги беше согледал Миодраг Радовиќ: детето, пчелата и провинцискиот искрен човек. Презаситени од светот во кој доминира берѓаевата перфидност на умот, *Медена земја* го претставува предмодерниот модел за космисчка рамнотежа. Ослободена од урбаната тортура на мислењето која ја наложува градот, оваа хероина ја олицетворува природноста, нерасипаноста и вистинитоста, без задна мисла — белези на провинцискиот човек. Според Радовиќ[4], пчелата од дивиот предел прави „питома градина". Пчелата е извор на многу големо богатство, и според Доситеј Обрадовиќ, без пчелата човек не може ниту да се роди ниту да умре (алудирајќи на восочните свеќи). Пчелата и пчеларството претставува воспитувачка

4 Лев Николаевич Толстой. *Труд, смерть и болезнь*. https://www.litmir.me/br/?b=71361&p=1#section_2 (15.12.2021).

на народната економија. Според Радовиќ, „пчелата е едно од најблагородните суштества, многу посовршено од човекот, затоа што единствено пчелата создава производ кој е апсолутно неподложен на расипување, и кое човекот со своите отрови не е во состојба да го расипе: чистиот мед, восок и речиси сите пчелини производи имаат лековити својства“ (Radović, 2013). Ова потсетува на слоганот на Атиџе: „ако немаме пчели, ќе немаме ни здравје“. Најважниот пчелин производ е земскиот врт, цветници. Пчелата ги претвара нецветниците во цветници, создавајќи еденска градина (Radović, 2013).

### 3.2. Конески

Конески е основоположник на македонската лингвистика, книжевна наука, поет, визионер… Интелект кој ја отелотвори Хорациевата мисла: Exegi monumentum. Конески е првиот македонски мислител застапен во 17тото издание на *Brockhaus Enzyklopädie* (1976) — одредница приготвена од врвниот компаратист Зоран Константиновиќ, а надополнувана во следните изданија.

Поезијата на Конески (создавана во средината на 20 век) ги пренесува моралните квалитети кои современата мисла ги дефинира како екопсихологија, длабинска екологија или енвироментална естетика. Да се потсетиме на концепцијата на Наес за „еколошкото Јас“, осмислено како чувство за нашиот сопствен идентитет, што ја признава нашата меѓузависност од остатокот од природата. Концептот обезбедува пресек на биологија, екологија, филозофија и психологија и, според тоа, обезбедува сеопфатна платформа за разбирање и работа со екопсихологијата.

Сега би навела неколку суптилни примери од неговата поезија:

*Цвеќињата*
Уште само цвеќињата го нудат своето пријателство,
— нема друг таков речовит молк како што молчи цвеќе,
немој да ја презреш, заради својот опит,
таа подадена рака,
немој да ја презреш ни заради туѓата мака

таа порака што, како мирис, те одминува веќе.
Уште цвеќињата ти нудат еден чекор и ритам,
како да си во оро средсело во вселената,
речи си: дишам, речи си: одам, речи си: скитам,
[...] Уште само цвеќињата на спокојство те учат,
на тоа дека за некоја смисла си роден,
и дека не си сам среде ужаси што бучат,
и дека животот ти бил всушност плоден (Конески, 2011, 36).

*Дрвјата*
Дрвјата земаат поза, дрвјата имаат гест, дрвјата се артисти
што го чекаат ветрот да им шепне збор (Конески, 2011, 59).

*Бор*
Сув е нашиот бор. Чувари на паркот, ви благодарам што уште не сте презеле мерки да го пресечат. Така јас можам уште еднаш да го погалам по грапавата кора и да откршнам парче за мене и за онаа што некогаш ми пишуваше: „Ми замириса нашиот бор" (Конески, 2011, 70).

*Флора и фауна*
Во зелени дрвени сандачиња
во кафаната украсни растенија со одраз во огледалата,
нежни ливчиња со непознати имиња,
меѓу нив џуџеста папра.
Тие се наведнуваат дискретно
едни кон други
и одвај видно потрепетуваат
во само нивни тих танец,
и тие праќаат прекор:
Зар знаете вие што е нежност,
вие што се допирате грубо,
додека една загубена жена
со грапав глас, на лош англиски,
се договара со двајца крупни црнци
на соседната маса во кафаната.
Вие сте — месо (Конески, 2011, 71).

*Спокој*
Седам така веќе долго и гледам: пред мене езерото, зад него планините за попладневно смирување, зашто сонцето губи силина. Требаше да читам или зборови да редам, а еве не правам ништо. Зошто така? Најпосле, одвај, разбирам дека сум се предал на милина (Конески, 2011, 137).

Неколку децении пред појавата на идејата за екосвест, Конески ги пренесе принципите на енвироменталната естетика. Самиот тој сметаше дека иновациите ги внесува авторот со санкција на колективот (претполага дека тие настануваат и во самиот колектив), при постојано соднесување на тие два фактора со факторот на традицијата. Уметникот секако треба да го одликува исклучителна јасност на перцепцијата. Под тоа, го подразбираме не само јасното фиксирање на изделениот објект, ами едновремено и откривање на некој ред врски во кои тој стапува со другите објекти, а кои остануваат недостапни за практичниот опсерватор. Најретки се оние луѓе, што добро ги гледаат и подробностите, и правилно ги врзуваат во однос на целоста. Тие можат да бидат творци во општеството, науката и уметноста.

### 3.3. Миљовска — За духовноста

Кога зборуваме за животната филозофија на Татјана Миљовска (2020а), треба да го наведеме фактот дека покрај истражувањето на *Ревитализацијата на духовното во апстрактното сликарство*, таа исто така објавува текстови посветени на екоактивизмот. Залагајќи се за хеуристичката метода, таа ги истражува патиштата на духовноста. На овој начин таа се доближува или ги применува правилата на длабоката екологија (cf. Миљовска, 2020а; 2020б)[5]. Ја доживува јогата како наука за самоспознавање, претставувајќи систем на техники како да се дојде до сепството, а да не се биде религиозен, што

5 Да се споредат: Татјана Миљовска. (2020б) *„Преспа – местото кадешто ќе го најдете својот мир“*. https://www.slobodenpecat.mk/prespa-mestoto-kadeshto-ke-go-najdete-svojot-mir/ (15.12.2021).

на извесен начин се доближува до поимањата на *новата спиритуалност*, атмосфера која го опкружува и дефинира современиот субјект.

Принципот на хармонијата, Миљовска го согледува на следниот начин: „поттикнувањето на енергиите е во насока на квалитативната промена на свеста", кое

> на почетокот на овој век се одвива со воспоставување на старо-новото единство со природата. Контактот со природните елементи, потребата од едноставен живот, живеење во внатрешната димензија, во суптилните тела и во убавината на духот, врз постулатите на енвироменталната естетика и етика, а во фузија со древната мудрост на изворната духовност, таоизмот, ведантата, зенбудизмот, го обезбедува тој успех. Преобразбата на свеста значи човекот да се издигне на повисоко енергетско ниво, од каде што тој може да ја види разликата. Само тогаш ќе може да го преобрази општеството и да ја спаси планетата (Миљовска, 2020а, 169).

Засновувајќи ги своите теориски концепти врз идеите на Шри Ауробиндо, таа смета дека: „ако не сме ја достигнале јасната свест во Над-ум, не можеме вистински да помогнеме за заедницата, бидејќи не гледаме јасно и сеопфатно" (Миљовска, 2020а, 169). Според неа, екосвеста ги промовира новите вредности со кои се надминува андро- и антропоцентризмот:

> Универзалните вредности во меѓучовечките односи, занемарени во патрирархатот: грижата, топлината, соработката, солидарноста, нежноста, суптилноста, интуицијата, довербата, несебичноста можат да влијаат на преобразбата во едно похумано опшстество, каде што ќе се врати достоинството на човекот, ќе се води грижа за околината, за видовите, за целата планета. Бидејќи сè е резултат на вибрациски контакти меѓу една сила и друга сила, кога оваа сила зрачи од јадрото, а брановите носат нов квалитет! (Миљовска, 2020а, 195).

Согласувајќи се со Ауробиндо, таа го дава моделот за достигнување на оваа состојба, преку постоење на три нивоа на умот: ум или обичен ум (Mind), над-ум (Overmind) и супер-ум (Supermind,

Gnosis). „Дуалното резонирање е карактеристика за *raison d'être* на обичниот ум, кој функционира според принципот на центризам потенцирајќи го издвоеното постоење, [...] не добивајќи вистински увид во повисоките цели, исходи и идеали“ (Миљовска, 2020а, 198).

Според тоа, надминувањето на антропоцентричниот застој е возможно со воспоставување на над-умот:

> Во над-умот владее чувството на единство и хармонија. Кога се востановуваме во Над-ум, го препознаваме обичниот ум и неговите ограничувања. Од таа позиција, обичниот ум може да се трансформира во инструмент на повисоката свест и на Над-умот. Во над-умот нештата не се фрагментирани ентитети, туку мноштвеност во единство. Постои квалитативна разлика меѓу тие две нивоа. Човекот треба да се избори Над-умот, односно една повисока сеопфатна свест на психички духовното битие да ја диктира свеста. [...] Суперумот е пространо прогресивно ниво зад цртата која постојано се поместува. [...] Суперумот е божествената гноса која ги креира, ги управува и ги крепи световите; тој е тајната мудрост која ги поддржува нашето знаење и нашето незнаење (Шри Ауробиндо, cit. per: Миљовска, 2020а, 198).

Така, „според Шри Ауробиндо (2005), ние и не треба да ја знаеме врвната тајна на креацијата! Но, кога сме во над-ум со постојани проблесоци од гноса, *јасно ни е.* Интуитивно спознаваме“ (Миљовска, 2020а, 198).

Изложените ставови ме асоцираат на бергсоновата метафизичка интуиција: Една вистински интуитивна филозофија треба да ѝ служи на науката да стане свесна за своите достигнувања кои се многу поголеми одошто тие насетуваат. Или, интуицијата треба да ѝ овозможи на интелигенцијата „преку симпатија да успее да ја насети креативноста на животот“. Не случајно Бергсон зборува за „интелектуалниот напор“ препознавајќи ја „креативната сила на напорот“: „Ја гледам внатрешната енергија на интелигенцијата која постојано се враќа себеси назад, елиминирајќи ги готовите идеи во намера да ослободи простор за идеи кои се во процесот на настанување. [...] Бергсоновата визија на „бивствувањето“ ја експлицира реалноста како творечки чин“ (Tićac, 2019, 326).

## 4. Принципи на хармонија и ред

Сите три анализирани парадигми го содржат во себе она што го наведува Капра. Имено, „голем број традиции, слично на системскиот пристап, ги сфаќаат раѓањето и смртта како степени на бесконечни циклуси на постојаноно самообновување на танцот на животот. Другите традиции ги истакнуваат вибрирачките обрасци, кои честопати се поврзуваат со „суптилните енергии“, а холономната природа на стварноста — постоењето на сѐ во сѐ — преку параболи, метафори и поетски слики“ (Капра, 2009, 378), што извонредно кореспондираше во горенаведените примери (*Медена земја*, Конески, Миљовска).

Во овој контекст би го навела и следното негово гледиште:

> За разлика од механичистичкото, картезијанско гледање на светот, светогледот што произлегувал од модерната физика може да се опише со зборовите: органски, холистички и еколошки. Тој светоглед може да се нарече и системски во смисла на општата теорија на системите. Вселената веќе не се сфаќа како машина што е направена од голем број објекти, туку како неделива динамична целина од делови во суштински заемен однос, кои можат да се разберат само како ликови на еден единствен космички процес (Капра, 2009, 89).

> [А] вселената, според филозофската основа на S — матрицата, (бутстреп филозофијата) се разбира како една динамична мрежа од настани во некаков заемен однос (Капра, 2009, 108–109).

Според ова, „клучниот елемент на новата бутстреп теорија за субатомските честички е поимот на ред како еден нов и важен аспект на физиката на честички“ (Капра, 2009, 110). Според него, „надминувањето на картезијанското разбирање на светот води кон едно листичко и суштински динамично разбирање на вселената“ (Капра, 2009, 113–114).

Клучна инспиративна идеја на Капра претставува самоорганизацијата која покажува два главни динамични феномена: „самообновување [...] задржувајќи го интегритетот на својата основна структура

и самонадминување, способност творечки да ги надминуваат физичките и менталните граници преку учење, развој и еволуција" (Капра, 2009, 334–335). Сепак, сметам дека е пренаметлива идејата за надминувањето на претставата за издвоеното и особеното „јас", станувајќи свесни дека сме неразделен дел од космосот во кој сме вградени. „Целта на овие тенденции е наполно да се отфрлат сите его-впечатоци и преку мистичното искуство индивидуата да се спои со космичката целина. Со достигнувањето на оваа состојба, се чини дека прашањето за слободната волја го губи своето значење" (Капра, 2009, 335). Концептот „ако јас сум вселена, тогаш нема никакви „надворешни" влијанија и сите мои дејства ќе бидат непопречени и слободни" (Капра, 2009, 335), е тешко применлив во пракса, особено имајќи го во предвид Броделовото *долго траење* и бавното менување на менталните структури, како и нашиот културен и симболички капитал.

## 5. Заклучок

Како интегрален дел на ова истражување би го навела Змаго Шмитек, чии согледби ми се доста блиски: денес, човекот се доживува како мал дел од екосистемот и тоа исклучиво подвргнат на неговите законитости. Затоа постои опасност, во тој нов „објективен" но безличен свет, да се изгуби валидноста на моралните вредности (дадени во последното поглавје од неговата книга 2019) вклучувајќи ја филозофијата и религијата. Интересно е што во денешните дискусии, еколошката грижа за околината се заменува за религија, со што во потполност се сложувам. Да не заборавиме: начинот на којшто човекот коегзистира со природната средина е едно од најфундаменталните прашања на човековиот живот, актуелно во сите историски периоди и во сите култури (Šmitek, 2019, 10), што метафорички се обидов да го презентирам и во моето истражување. Според тоа, слоганот „Стварноста е она што функционира" (*Wirklichkeit ist was wirkt*), претставува најдобар одговор при согледувањето на екологијата во рамките на етнологијата. Тука мислам на Бурдјеовата теорија на праксата, хабитусот и полето. Истражувајќи ја оваа врска, не треба да заборавиме дека човекот, како биолошко суште-

ство е подложно на барањата и потребите на неговото тело и ограничувањата на околината, но поседува висок степен на слобода на одлучување и делување благодарение на способноста на слободата на мислењето и развојот на културата. Може да се спротивстави на притисоците кои влијаат на неговата благосостојба и шансите за преживување (Casimir, 2006, 341). Конечно, исконското единството со природата се возобновува на автентичен начин преку анализираните македонски ојкотипови. Тие ја збогатуваат еколошката свест и кореспондираат со големиот бран на новата еко-ера.

## Литература


Гура, А.В. (2001). *Пчела*. Во: *Словенска митологија. Енциклопедијски речник*. Ур. С.М. Толстој, Љ. Раденковић. Београд: Zepter Book World, стр. 458–460.

Капра, Ф. (2009). (1982). *Време на пресврт*. Прев. Д. Јакимовски. Скопје: Табернакул.

Конески, Б. (2011). *Собрани дела на Конески*, том 2. Ур. М. Ѓурчинов. Скопје: МАНУ.

Миљовска, Т. (2020а). *Ревитализација на духовното во апстрактното сликарство*. Скопје: Универзитет Св. Кирил и Методиј [unpublished PhD thesis].

Миљовска, Т. (2020б). *Преспа, место кадешто ќе го најдете својот мир*. https://www.slobodenpecat.mk/prespa-mestoto-kadeshto-ke-go-najdete-svojot-mir/ (15.12.2021).

Раденковић, Љ. (2011). *Народна предања о одређивању судбине: словенске паралеле*. Во: *Жива реч. Зборник у част проф. Наде Милошевић-Ђорђевић*. Ур. М. Детелић, С. Самарџија. Посебна издања 115. Београд: Балканолошки институт САНУ — Филолошки факултет, стр. 511–534.

Толстая, С.М. (2013). *Почему люди не знают срока своей смерти?* Во: *Ethnolinguistica Slavica. К 90-летию академика Никиты Ильича Толстого*. Москва: ИНДРИК, стр. 253–266.

[Gura, A. V. (2001). *Pčela*. Vo: *Slovenska mitologija*. Enciklopedijski rečnik. Ur. S.M. Tolstoj, L. Radenković. Beograd: Zepter Book World, str. 458–460.

Kapra, F. (2009). (1982). *Vreme na presvrt*. Prev. D. Jakimovski. Skopje: Tabernakul.

Koneski, B. (2011). *Sobrani dela na Koneski*, t. 2. Ur. M. Ĝurčinov. Skopje: MANU.

Milovska, T. (2020a). *Revitalizacija na duhovnoto vo apstraktnoto slikarstvo*. Skopje: Univerzitet Sv. Kiril i Metodij [unpublished PhD thesis].

Milovska, T. (2020b). *Prespa, mesto kadešto k'e go najdete svojot mir*. https://www.slobodenpecat.mk/prespa-mestoto-kadeshto-ke-go-najdete-svojot-mir/ (15.12.2021).

Radenković, L. (2011). *Narodna predaǹ a o određivaǹ u sudbine: slovenske paralele*. Vo: *Živa reč*. Zbornik u čast prof. Nade Milošević-Đorđević. Ur. M. Detelić, S. Samarȓija. Posebna izdaǹ a 115. Beograd: Balkanološki institut SANU – Filološki fakultet, str. 511–534.
Tolstaâ, S. M. (2013). *Počemu lûdi ne znaût sroka svoej smerti?* Vo: *Ethnolinguistica Slavica. K 90-letiû akademika Nikity Il'iča Tolstogo*. Moskva: INDRIK, str. 253–266].

Casimir, M.J. (2006). (1983). *Kulturökologie*. Во: *Ethnologie. Einführung und Überblick*. Ur. B. Beer, H. Fischer. Berlin: Dietrich Reimer Verlag, стр. 341–360.
Mathews, F. (2014). *Environmental Philosophy*. Во: *History of Philosophy in Australia and New Zealand*. Ur. G. Oppy, N. Trakakis. Dordrecht: Springer. https://doi.org/10.1007/978-94-007-6958-8_22
Radović, M. (2013). *7 slika*. https://www.youtube.com/watch?v=dgJoMWTD4Lo. (9.12.2021).
Tićac, I. (2019). *Marija Brida i Roman Ingarden: dva fenomenološka „čitanja" Bergsonove koncepcije intuicije*. „Filozofska istraživanja“ vol. 39, br. 2. стр. 313–333. https://doi.org/10.21464/fi39202
Šmitek, Z. (2019). *Šelest divljine. Zeleno dno našega kozmosa.* Ljubljana: Beletri.

■ **Lidija Stojanović**—scientific advisor and head of the Department of Folkloristics and Ethnotheatrology, Institute of Folklore "Marko Cepenkov", Skopje. She was a post-doctoral DAAD fellow in Hamburg, Institut für Volkskunde and FU Berlin (2003) dedicated to Macedonian emigration to Germany. In 2018 she inaugurated a PhD Study programme of Folkloristics in the Institute of Folklore (Ss. Cyril and Methodius University), and teaches folkloristics and folk narrative studies. Guest editor of *Folkloristika* (5.02.2020); member of international editorial board of *Poznańskie Studia Slawistyczne* (2011–), *Народна творчість та етнографія* (3, 2009), *Сучасна зарубіжна етнологія*. She collaborated with Inalco (Paris). She participated in an international European research project for poetics & hermeneutics (EPPH)—Black Arab as a figure of memory, (head—K. Kulavkova; MASA, 2007–2009); and in the bilateral project Language as Speech of Culture (Research Center for Areal Linguistics [MASA] and Institute of Literature and Art, Belgrade [SASA], 2016–2021). She was the head of the project Exodus of the Macedonians from Greece (Euro-Balkan, 2001–2002). She was the author of several books, such as *Migration and Habitus: Macedonian Emigration in Germany*, 2008, and co-author of *The Exodus of the Macedonians from Greece: Women's Narratives about WWII and Their Exodus*, 2008 (2002).